**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ТРЕТ ЦИКЛУС – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА**
**СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2016/2017 ГОДИНА**

Битола, 2016 година

Врз основа на член 57 алинеа 2, во врска со член 87, 96 и 108 став 13 од Законот за високото образование, член 150 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и член 7 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и врз основа на Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр.14-766/3 од 31.05.2016 година и бр. 14-1393/3 од 12.10.2016 година и Одлуката на Владата на Република Македонија за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2016/2017 година, бр.42-6103/1 од 17.08.2016 година, („Службен весник на РМ“ бр. 158/2016), Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола објавува:

# К О Н К У Р С
# за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2016/2017 година

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На студиските програми од трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во академската 2016/2017 година, може да се запишат следниов број студенти:

| Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола Единици/Студиски програми | број на студенти | Износ на школарина (во евра) | Износ на школарина (во евра) за странски студенти |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **-** | **4500** | **6000** |
| Сообраќајно-транспортно инженерство | - | 4500 | 6000 |
| Машинство | - | 4500 | 6000 |
| Индустриски менаџмент | - | 4500 | 6000 |
| Графичко инженерство и дизајн | - | 4500 | 6000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – БИТОЛА** | **-** | **4500** | **6000** |
| Информатички науки и компјутерско инженерство | - | 4500 | 6000 |
| **ТЕХНОЛОШКО – ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ВЕЛЕС** | **-** | **4500** | **5500** |
| Иновативни технологии за храна и нутриционизам | - | 4500 | 5500 |
| | | | |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП** | **-** | **4200** | **6000** |
| Маркетинг | - | 4200 | 6000 |
| Менаџмент | - | 4200 | 6000 |
| Меѓународен бизнис | - | 4200 | 6000 |
| Финансиски менаџмент и банкарство | - | 4200 | 6000 |
| Бизнис информатика | - | 4200 | 6000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД** | **15** | **3000** | **4500** |
| Туризам | 15 | 3000 | 4500 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **24** | **4500** | **5000** |
| Образовни науки | 10 | 4500 | 5000 |
| Менаџмент во образование | 2 | 4500 | 5000 |
| Надареност и талентираност | 10 | 4500 | 5000 |
| Настава по јазик – англиски јазик | 2 | 4500 | 5000 |
| Настава по јазик – германски јазик | - | 4500 | 5000 |
| Настава по јазик – македонски јазик | - | 4500 | 5000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **-** | **4500** | **4700** |
| Безбедност | - | 4500 | 4700 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО** | **-** | **5400** | **7000** |
| Меѓународно право и политика | - | 5400 | 7000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **7** | **5000** | **6000** |
| Технологија и безбедност на прехранбени производи | 7 | 5000 | 6000 |
| **НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН – ПРИЛЕП** | **-** | **3500** | **4000** |
| Технологија на призводство и обработка на тутун и производи од тутун | - | 3500 | 4000 |
| **ВКУПНО** | **46** | | |

**НАПОМЕНА: По добивањето на решенијата за акредитација и/или решенијата за почеток со работа за студиските програми, како и решенијата за акредитација на ментори ќе следи објавување на Дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2016/2017 година и тоа во согласност со одобрената квота во Одлуката на Владата бр.42-6103/1 од 17.08.2016 година, („Службен весник на РМ“ бр. 158/2016).**

**II. Услови и критериуми за конкурирање и запишување**

Право за запишување на докторски студии имаат:

- Кандидати со завршени соодветни академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии коишто се компатибилни со профилот на докторските студии и со остварени минимум 300 европски кредити.
- Кандидати кои не завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно коишто се од сродна научна област и коишто ги исполнуваат дополнителните услови за запишување на докторски студии утврдени од универзитетот/единицата којашто ги организира докторските студии на соодветната студиска програма.

- Кандидати кои дипломирале според студиски програми за постдипломски студии со коишто се стекнале со звање Магистер, до влегувањето во сила на Законот за високото образование и на коишто може да им се признаат до 60 кредити од докторските студии, во зависност од нивото на компатибилност на завршената со студиската програма на докторските студии на којашто се запишуваат, за што одлука носи Универзитетот/единицата на Универзитетот.
- Странски државјани, според условите утврдени со Законот за високото образование.

**III. Спроведување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии**

Кандидатите се пријавуваат на објавениот Конкурс со пополнување образец што е подготвен од страна на единицата/те кадешто се организира студиската програма.
Образецот и документацијата предвидена со Конкурсот, кандидатите ја доставуваат до единицата на Универзитетот којашто ги организира соодветните докторски студии, а странските студенти ги доставуваат до Ректоратот на Универзитетот.
Секоја единица на Универзитетот утврдува кои студиски програми се соодветни или сродни и дали кандидатите ги исполнуваат другите услови предвидени со студиските програми за организирање трет циклус студии на соодветната единица.
Секоја единица на Универзитетот претходно ги утврдува и објавува дополнителните услови за упис (најдоцна десет дена по објавувањето на Конкурсот) и го спроведува пријавувањето, рангирањето и запишувањето на кандидатите.
Кандидатите кои ги исполнуваат условите на Конкурсот и завршиле соодветни академски студии од втор циклус, се запишуваат на соодветните докторски студии за што одлучува Советот за докторски студии на единицата на Универзитетот.
Кандидатите од сродна научна област се запишуваат откако ќе ги исполнат дополнителните услови утврдени со Конкурсот и по позитивно оценетото интервју спроведено од страна на комисија определена од Советот за докторските студии на единицата на Универзитетот.

Одлука за запишување на студентите на докторските студии донесува Советот за докторски студии на единицата на Универзитетот, којшто ја објавува листата на примените кандидати на огласната табла на единицата на Универзитетот, како и на интернет страницата на високообразовната единица.
Кандидатот којшто смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканската управа, односно Научниот совет на единицата на УКЛО во рок од 24 часа од денот на објавувањето на листата. Одлука по приговорот треба да се донесе најдоцна во рок 72 часа од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

Со запишувањето на докторските студии студентот се стекнува со статус *студент на докторски студии*. Докторските студии траат три години (шест семестри) и притоа се остваруваат 180 европски кредити, односно 60 кредити во текот на една академска година.
Студентите запишани на докторските студии студираат во согласност со условите, критериумите и правилата содржани во Правилникот за условите, критериумите и

правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.
Износот на школарината е изразен во евра, а се пресметува и плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на плаќањето. Школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетокот на секој семестар
Сите други наставно-научни, правно-административни и финансиски аспекти поврзани со реализацијата на студиските програми од трет циклус се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## IV. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

| | **Пријавување** | **Запишување** |
|---|---|---|
| Прв уписен рок | 19.10.2016 – 04.11.2016 | 14.11.2016 - 16.11.2016 |
| Втор уписен рок | 17.11.2016 – 25.11.2016 | 05. и 06.12.2016 |

**V.** По потреба, Универзитетот ќе донесе одлуки за Дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2016/2017 година, како и за спроведување дополнителен уписен рок.

## VI. Документи за пријавување

При пријавувањето кандидатите поднесуваат:

- Образец за пријавување со назначување на студиската програма за којашто се конкурира подготвен од страна на единицата/те кадешто се организира програмата
- Писмо за мотивација со назначување на областа на истражување
- Кратка биографија
- Диплома/уверение за завршен втор циклус студии, односно постдипломски студии
- Уверение за државјанство
- Извод од матичната книга на родените
- Медицинска документација: ХИВ тест и тест за Хепатит Ц (за странски студенти)
- Други документи по барање на единицата.

## VII. Документи за запишување

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат и:

- Индекс и пријавни листови
- 2 фотографии (3,5 x 4,5 на бела позадина)
- Потврда за уплатена школарина за првиот семестар

**Забелешка:**
**Подетални информации за условите за запишување на секоја од понудените студиски програми и за содржината и начинот на реализирање на третиот циклус на студии, кандидатите може да добијат на веб страницата на Универзитетот или на веб страниците на соодветните високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.**